РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СЕ ВЕРНИ
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - КОМУНА Е JEGUNOVCIT

Бр. 03-1104/11
03.06.2025 год.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Трговско друштво за производство трговија, угостителство и услуги СПЕКТРУМ СЕРВИС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 10-06/0010
03.06 2025 год.
Тетово

ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ
ОДРЖУВАЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ НА ВОЗИЛА

Склучен помеѓу:

1. **ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ** со седиште во с.Јегуновце , 1215 Јегуновце застапувана од Градоначалникот Димитар Костадиноски (во натамошниот текст: **Договорен орган**) од една страна и

2. Трговско друштво за производство,трговија,угостителство и услуги СПЕКТРУМ СЕРВИС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, застапувано од Александар Јованоски, (во натамошниот текст:**Носител на набавка**) од друга страна.

I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е услуга - одржување и сервисирање на возила на општина Јегуновце и тоа по позиции на услуги согласно спецификациите кон тендерската документација и прифатената понуда на Економскиот оператор и тоа за:

Дел. 1- Поправка и сервисирање на возила на на општина Јегуновце - МЕРЦЕДЕС
Дел. 2 - Поправка и сервисирање на возила на на општина Јегуновце -ОПЕЛ АСТРА
Дел.3- Поправка и сервисирање на возила на општина Јегуновце –ЦИТРОЕН ЦЗ.

II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на Договорот неможе да изнесува повеќе од 254.237,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 45.763 или вкупно 300.000 денари со вклучен ДДВ и сите други трошоци, односно:

- За Дел. 1- Поправка и сервисирање на возила на на општина Јегуновце – МЕРЦЕДЕС, вредноста на договорот до 130.000 денари без пресметан ДДВ,
- за Дел. 2 - Поправка и сервисирање на возила на на општина Јегуновце -ОПЕЛ АСТРА вредноста на договорот до 100.000 денари без пресметан ДДВ и
- за Дел.3- Поправка и сервисирање на возила на општина Јегуновце –ЦИТРОЕН ЦЗ, вредноста на договорот до 70.000 денари без пресметан ДДВ.

Единечните цени по позиции на работа искажани во Понуда на Носителот на набавката утврдени се врз основа на сите елементи кои важеле при прифаќање на Понудата, и врз основа на цените кои се добиени по спроведената електронска аукција.

Единечните цени неможе да се менуваат до истекот на рокот на важноста на овој Договор.

Составен дел на склучениот договор ќе биде техничката спецификација на патнички возила сопственост на Договорниот орган, со единечни цени за услугите, вградување и замена на резервни делови со вклучена цена на резервниот дел , работна рака , и сите други трошоци и јавни давачки.

III. НАЧИН, РОК И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката, да го врши вирмански, во рок од 30 дена, од денот на приемот на фактурата во Архивата на Договорниот орган.

Прилог на фактурата е Преглед со регистарски броеви на возила, датум на извршување на услугата , опис на извршената услуга, уредно потпишан од страна на овластено лице на Договорниот орган и овластено лице на Носителот на набавката.

IV. НАЧИН И РОК ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 4

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го прими во сопствената работилница во рок од 24 часа од моментот на барањето од страна на Договорниот орган. Возилата кои се предмет на договорот на јавна набавка носителот на набавката се обрзува дека се со предност за вршење на услугите во однос на другите затекнати возила во работилницата

Носителот на набавката е должен услугите кои се предмет на договорот, да ги извршува во рок не подолг од 7 работни дена, од денот на прием на возилото во работилницата.

V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Овој Договор се склучува на определено време во траење од 1 (една) година од денот на склучување на договорот.

VI. ОБВРСКИ ЗА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКА

Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Економскиот оператор да го врши вирмански, во рок од 30 дена, од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорен орган.

Носителот на набавката се обврзува сервисирањето и поправките на моторните возила да го врши согласно пропишаниот начин за сервисирање и поправка од производителот на моторното возило.

VII. ГАРАНТЕН РОК

Член 7

Носителот на набавката гарантира за квалитетот на извршувањето на услугите и за квалитетот на вградените резервни делови.

VIII. *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Член 8

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на договорните страни.

Член 9

Носителот на набавката е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата што ја претрпел поради неисполнување или ненавремено исполнување на договорните обврски.

Член 10

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено.

Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Тетово.

Член 11

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредби од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи.

Член 12

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКА
СПЕКТРУМ СЕРВИС ДООЕЛ
Управител
Александар Јованоски